ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# АНАЛИЗА НА ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ
# **МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА - ИЗБОРИ 2024**



Анализа на младинските прашања во програмите на кандидатите за Претседател и изборните програми на политичките партии и коалиции

и

Анализа на вклученоста на прашањата за млади во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 Скопје, август 2024

спроведено од:

International Foundation for Electoral Systems

# Содржина

01 Вовед

02 Застапеност на младинските прашања во програмите на кандидатите за Претседател
Опфат на прашањата поврзани со младите

03 Заклучни согледувања од програмите на кандидатите за Претседател

04 Застапеност на младинските прашања во изборните програми за Парламентарните избори
Опфат и третман на прашањата поврзани со младите
Фокус на прашањата поврзани со младите

05 Заклучни согледувања од изборните програми за парламентарните избори

06 Препораки

07 Преглед на вклученоста на ветувањата за младинските прашања во Програмата за работа на Владата 2024 - 2028
Компаративна анализа на опфатот и третманот на прашањата поврзани со младите

08 Заклучни согледувања од компаративната анализа

09 Препораки

Оваа анализа е направена во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржините изразени во овој документ не мора да ги одразуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

# 01 Вовед

Во Република Северна Македонија во 2024 година се спроведоа претседателски и парламентарни избори. Претседателските избори се реализираа во прв круг на 24 април, додека вториот круг се реализираше на 8 мај заедно со парламентарните избори. Во текот на предизборната кампања за Претседател на државата граѓаните имаа можност да се запознаат поблиску со стратешките определби и целите на кандидатите за Претседател претставени во нивните програми, додека пак предизборната кампања за избор на пратеници во Собранието ги доближи до граѓаните изборните програми на политичките партии и коалиции.

Предметот на оваа анализа е претставен на две нивоа и тоа:

**1.** Застапеност на младите во програмите на кандидатите за Претседател и во изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори. При тоа анализата ги зеде во предвид програмите на следниве политички субјекти и кандидати за Претседател[1]:

- ·ВМРО – ДПМНЕ, Платформа "Македонија повторно горда" и нивната кандидатка Гордана Силјановска Давкова и изборната програма за парламентарните избори насловена "Платформа # 1198".
- ·СДСМ и Коалиција за Европска иднина, изборната програма на кандидатот за Претседател Стево Пендаровски ,Нашиот претседател Стево" и изборната програма за парламентарните избори насловена "Програма за европска иднина 2024".
- ·Европски фронт, Декалог на Европскиот Претседател со кандидатот за Претседател Бујар Османи и изборната програма за парламентарните избори "Европа 2030".
- Коалицијата Вреди, изборната програма на на кандидатот за Претседател Арбен Таравари ,Претседателска платформа"и изборната програма за парламентарните избори "План 2030"
- ·Левица, изборната програма на кандидатката за Претседателка Биљана Ванковска "Го враќаме достоинството на нацијата" и и изборната програма за парламентарните избори "Неподмитливите во Собранието".
- ·ГРОМ, изборната програма "Храбро за Македонија" на кандидатот за Претседател Стевчо Јакимовски.
- (Програмата на кандидатот за Претседател Максим Димитриевски не беше достапна онлајн)

[1] Називот на програмите и имињата на политичките субјекти ее превземени од насловните страници на програмите на кандидатите за Престедател и на изборните програми за парламентарните избори. На овој начин еднозначно ќе се употребуваат и понатаму низ документот. Исто така терминологијата која се користи во документот во однос на официјални називи како што е името на државата се користи идентично како што е употребена во изборните програми на кандидатите за Претседател и изборните програми за парламентарните избори.

**2.** Опфат и третман на прашањата поврзани со младите во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 при што оваа анализа ги зеде во предвид изборните програми на политичките субјекти кои ја сочинуваат Владата т.е:

- ·Изборната програма на ВМРО– ДПМНЕ “Платформа # 1198”.
- ·Изборната програма на Коалицијата ,Вреди, “План 2030”.
- ·Изборната програма на Движењето Знам ,Проглас за достоинствена Македонија,.

Прашањата кои се однесуваат на младите се пренесувале од еден до друг изборен циклус во изборните програми на политичките субјекти во иста или слична форма. Од друга страна, бројни анализи покажуваат дека реализацијата на ветувањата поврзани со младите, исто така била на ниско ниво. Тоа укажува дека овие прашања биле површно третирани, понекогаш на ниво на декларативни заложби и со отсуство на подетална анализа за тоа кои се вистинските потреби, преземените меѓународни обврски и веќе воспоставените стандарди во рамки на законската рамка.Затоа во овој изборен циклус е важно да се согледа дали има некаква стратегија, односно каква е стратегијата на политичките субјекти во однос на родовите и младинските прашања и соодветно да се предложат одредени препораки за имплементација на конкретни мерки и политики понатаму, како на национално, така и на локално ниво. Токму тоа е и една од целите на оваа анализа која својата примена ќе ја најде во јавната дискусија поврзана со претседателските и параламентарните избори, но и во периодот пред и за време на претстојните локални избори во 2025 г.

## 02 Застапеност на родовите и младинските прашања во програмите на кандидатите за Претседател

Од општата анализа на програмите на кандидатите за Претседател на државата може да се заклучи дека согласно ингеренциите кои ги носи со себе оваа функција, фокусот е ставен на уставниот поредок, владеење на правото и правдата, зачувување на безбедноста и националниот идентитет, надворешна политика, членството во НАТО и ЕУ и обединувањето на државата, а помалку на мултисекторските прашања и политики како што се родовите и младинските прашања.
Сепак, во програмите на политичките партии како што се СДСМ и Коалицијата за Европска иднина, ВМРО – ДПМНЕ и Европскиот фронт или пак Коалицијата Вреди, може да се забележат и прашањата кои се однесуваат на жените и младите. Во продолжение следи краток преглед за опфатот на овие прашања во програмите на кандидатите за Претседател.

### Опфат на прашањата поврзани со младите

Младите и прашањата поврзани со младите се застапени со различен опфат во програмите на сите кандидати освен во програмата на кандидатката на Левица и кандидатот на Коалицијата Вреди каде само индиректно се споменуваат. Имено, во програмата на кандидатката на Левица во однос на младите е наведено дека низ годините се создала нова помлада дијаспора чии капацитети не се сеуште признаени, а кои имаат потенцијал да бидат нашите најдобри амбасадори. Од друга страна, во програмата на кандидатот на Коалицијата Вреди се најавува формирање на училишта за иновации со кои би раководел кабинетот на Претседателот. Во програмата на кандидатот на ГРОМ младите воопшто не се издвоени со посебни мерки или заложби.

Програмата на кандидатот на Европски фронт, предвидува „формирање посебен тим за креирање, имплементирање и следење на младинските политики на државата“, како и воспоставување позиција „Советник за млади на Претседателот“.
Извадок од Декалог на Европскиот Претседател на Бујар Османи, Европски фронт

**Декалог на Европскот Претседател, Европски фронт**

Во програмата на кандидатот на Европски фронт има 10 завети кои се однесуваат на различни приоритети при што издвоена е посебна секција/завет за младите насловена како Државен план за перспектива на младите и нивно задржување во земјата. Во овој дел кандидатот за Претседател се заложува да создаде преспектива за младите и тоа преку „зајакнати образовни можности, но и активни мерки за претприемништво, старт-апи и вклучување во современите бизнис текови со цел задржување на фокусот на младите кон активностите и потенцијалите кои ги нуди земјата“. Во рамки на оваа секција се предвидени механизими со кои Претседателот директно би работел со и за младите како што се посебен тим за креирање, следење и имплементирање на младинските политики во државата и Советник на Претседателот за овие прашања. Иако оваа секција според насловот најавува посебен план, сепак она што е вклучено во текстот е повеќе на ниво на заложби одколку конкретни планови и решенија за сите млади согласно законската рамка и младинските политики во државата. Понатаму, во делот/заветот Образование и иновации се вклучени заложби за унапредување на образованието на младите луѓе во согласност со современите технолошки трендови и иновации, создавање на образовен модел кој ќе ги следи промените во побарувачката на работна сила и појавата на нови работни места различни од досегашните, а за кои нашите ученици и студенти треба да бидат подготвени, како и можност за искористување на потенцијалот на младите луѓе од нашата земја кои заминале во странство. Во овој дел се наведува дека ќе се зголеми буџетот за образование, наука и истражување и дека ќе се формираат научно истражувачки центри на секој универзитет. Во делот/заветот на Рамковен економски договор се предвидува конкретна мерка „Договор со десетте најдобро рангирани бизнис универзитети во светот за испраќање на најдобрите студенти со целосна стипендија, со предност на ранливите категории на граѓани“. Овие мерки покажуваат конкретен пристап во зајакнување на младите како ранлива категорија.

**Нашиот Претседател Стево, СДСМ и Коалиција за европска иднина**

Во програмата на кандидатот за Претседател на СДСМ и Коалицијата за европска иднина исто така има посебна секција посветена на младите. Во рамките на оваа секција се наведува дека на младите им треба поддршка за да можат да ги остварат своите потенцијали и таленти, а тоа е обврска и должност на секоја институција и јавна функција. Во програмата се наведува дека демографските трендови и миграциите доведоа до иселување и на младите луѓе заради што се потребни пофокусирани мерки како да се задржи контактот со младите луѓе кои се во странство и кои можат да бидат вклучени во општествени текови на нашата земја и понатаму.

Во однос на младите има две конкретни мерки кои се најавуваат во програмата и тоа:

- Формирање на посебно советодавно тело кое би работело на намалување на негативните демографски трендови, промовирање на активни демографски политики

и

- Формирање на централна база на податоци за сите млади кои се образуваат, доусовршуваат или своите знаења и вештини ги применуваат работејќи во странски компании и организации, а со цел да се задржи контактот со сите овие млади луѓе.

Кандидатот за Претседател на СДСМ и Коалицијата за европска иднина во својата програма се идентификува себеси како „ Промотор на правата на младите, ранливите,и маргинализираните заедници “.
Извадок од изборната програма Нашиот Претседател Стево, на СтевопПендаровски, СДСМ и Коалиција за европска иднина

Исто така, во однос на младите се споменува и продолжување на традицијата на Школата за млади лидери под покровителство на Претседателот, како и воведување на политичко образование во наставните програми во средните училишта. Кандидатот за Претседател на СДСМ и Коалицијата за европска иднина во својата програма се залага и за интеграција на Северна Македонија во ЕУ при што се истакнува дека придобивките од таквата интергација најмногу ќе ги почувствуваат младите ,особено во образовните политики, технолошкиот развој и социоекономските политики за подобрување на нивниот социјален и економски статус и во намалувањето на емиграцијата.“

**·Македонија повторно горда, ВМРО–ДПМНЕ**

Во програмата на кандидатката на ВМРО–ДПМНЕ посветена е посебна секција за младите насловена како Претседателка пријател на младите. Младите се дефинираат како субјекти на политиката кои имаат лидерски потенцијал и придонесуваат кон позитивни промени. Од тука, програмата ги третира младите не само декларативно и преку заложби туку и преку конкретни мерки за нивно учество во процеси на консултации и преку создавање можности за нивна промоција во земјата и странство. На младите преку оваа програма се гледа како на индивидуи кои треба да бидат ангажирани, активни и кои треба да придонесат кон развојот на нацијата како дома така и на меѓународната сцена.

Две клучни мерки се наведуваат во одонос на младите и тоа:

- Воведување на позиција Советник за млади во Кабинетот кој ќе раководи со новоформираниот Совет за млад, и
- Формирање на Форум за млади под покровителство на Претседателот. Форумот е замислен ,како структурирана платформа за да се слушнат нивните гласови, Форумот ќе се стреми да поттикне поинклузивна, динамична и прогресивна политичка средина. Форумот би работел на реализација на активности во повеќе области, како, на пример, образование, култура, технологија, спорт итн.“

„Моја цел е зајакнување на младите – нивно признавање како клучни партнери во обликувањето на иднината на Републиката.„

Извадок од изборната програма Македонија повторно горда на Гордана Siljanovska Давкова, ВМРО -ДПМНЕ

Понатаму, како следни мерки се најавени:

- практикантство за млади во Кабинетот на Претседателот
- назначување на млади луѓе како Амбасадори на добра волја ,од редот на наши млади професионалци од земјава и од целиот свет, кои имаат или градат успешни кариери во меѓународната економија, политиката, меѓународните односи и науката, , и
- продолжување на традицијата на меѓународната школа за лидери.

## 03 Заклучни согледувања од програмите на кандидатите за Претседател

Од овој детален осврт на програмите на кандидатите за Претседател може да се заклучи дека опфатот на мултисекторските прашања, генерално е недоволен.

Евидентен е напорот на дел од кандидатите за Претседател во своите програмида најдат место за младите и прашањата поврзани со нив. Сепак, ова е само почеток и добра основа во иднина кандидатите за Претседател што повеќе да вклучуваат вакви прашања во својата работа и да ги операционализираат преку своето делување. Може да се каже дека тие кандидати кои се осврнале на младите во нивните програми сакаат да дадат шанса на младите, притоа искажувајќи и доверба дека младите можат и треба да бидат консултативна поддршка на Претседателот и преку нови формирани тела и позиции за млади и раководени од млади како совети, форуми, советници амбасадори и сл., да можат да ги претставаат своите потреби и да земат учество во донесувањето одлуки од национална важност.

Интеграцијата на прашањата за младите во националната законска и инситуционална рамка е реалност, но имплементацијата во пракса треба да биде засилена. Затоа заложбите на кандидатите за Претседател кон овие групи граѓани треба да бидат зајакнати и преточени во што поконкретни мерки понатаму и преку програмата и мерките на политичките субјекти кои ќе се најдат во идната Влада. Испраќањето на порака од највиско ниво, од позиција на Претседател на држава дека прашањата кои ги засегаат правата на жените и младите треба да се најдат високо на агендата на институциите на државно ниво и на локално ниво значи и со тоа даде пример како истите доследно да се спроведуваат преку издвојување на соодветни човечки и фанансиски ресурси.

# 04 Застапеност на младинските прашања во изборните програми за Парламентарните избори

Анализата на изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори 2024 покажа дека во нив се застапени мерки и политики кои се однесуваат на младите и жените. Кај некои политички субјекти како што се Левица, овие мерки и политики се вклучени воглавно во рамки на посебните области/сектори, додека пак кај други како што се ВМРО–ДПМНЕ, Коалицијата Вреди и Европскиот фронт издвоени се посебни поглавја посветени на младите. Ова зборува дека политичките субјекти, се обидуваат да воспостават стратешки пристап кон младинските прашања.

Низ програмите преовладуваат слични мерки со тоа што кај политичките субјекти кои имаат поголем број претставници во Собранието присутен е поширок спектар на мерки и политики од повеќе области. Но, клучните прашања за младите како што се образованието, вработувањето, стандардот и учествотоздравството, економската поддршка и вработувањето, како и социјалните мерки, се присутни кај сите политички субјекти. Исто така, во изборните програми за парламентарните избори може да се забележат мерки кои веќе се присутни или се спроведуваат, како и сосема нови мерки или пак укинување на некои постоечки мерки. Во продолжение следува детална анализа на опфатот на прашањата за млади во изборните програми за парламентарните избори.

## Опфат и третман на прашањата поврзани со младите

### Фокус на прашања поврзани со младите

Прашањата кои се однесуваат на младите доминираат како посебни поглавја или сегменти во скоро сите изборни програми за парламентарните избори 2024 кои се предмет на оваа анализа. Освен тоа, младите како посебна категорија, се вклучени низ различните секторски политики пред се во делот за образование и вработување, земјоделство, како и во дигиталната трансформација и ИКТ. Младите се спомнуваат и во поздравните говори на лидерите на политичките партии и коалиции. Опфатот на овие прашања во изборните програми е прикажан во два дела и тоа:

- фокус на прашањата поврзани со младите

и

- меѓуресорски политики за млади

## Платформа # 1198 на ВМРО- ДПМНЕ

Во Платформа # 1198 на ВМРО– ДПМНЕ фокус на младински прашања има во делот VI. Права и слободипосебен сегмент Време на младите.

Во рамките на овој сегмент се предвидуваат:

Економски мерки за младите како што се: 70.000 нововработени млади, ослободување од данок на личен доход за млади лица до 29 години, загарантирана понуда за работа за 500 најдобри студенти, хонорарна работа за студенти, 5.000 едногодишни обуки за млади од ИКТ областа, како и сертификација на ИКТ професионалци, и 5 милиони ЕУР за претприемачки иницијативи за младите.

Во делот на Поттикнување на вработувањето во новите професии се предвидува дигитално поврзување со светот, дигитални иновациски хабови, поддршка на младинско волонтирање во јавните институции, е – ваучер за дополнителни обуки и неформално образование. Посебна мерка е насочена кон млади земјоделци до 40 години при што се предвидува поддршка за нови 5.000 млади земјоделци.

**‚Наместо празна реторика и ветувања, ВМРО–ДПМНЕ нуди визија за создавање на неопходни услови за младите од Македонија да градат иднина дома, нивно зајакнување преку образование и развој на вештини, поттикнување на младинското учество во процесите на донесување одлуки и промоција на претприемивоста и иновациите“.**

**.**

**Извадок од изборната програма Платформа #1198 на ВМРО–ДПМНЕ**

Во делот Младински стандард се предвидува мобилна апликација преку која сите млади ќе имаат можност да користат попусти за влез во театри, музеи, институции од областа на културата, јавен превоз (автобуски и железнички), спортски натпреварувања и други настани, како и посебна мерка бесплатен интернет за млади во сите студентски и ученички домови, библиотеки, читалници, младински центри и факултети, плоштади и други урбани точки.

Во делот Образование и европски студентски стандард се ветува реновирање на сите ученички и студентски домови, достоинствен оброк за сите студенти, 50 милиони ЕУР за ученички и студентски степендии, е–библиотеки на факултетите, читални, кариерни центи за младите.

Во делот Младинско организирање и претставување во рамки на постоечката реорганизација на министерствата се ветува Министерство за социјална политика, демографија и млади и отворање на младински центри во повеќе градови. Сепак, во овој сегмент отсуствуваат конкретни мерки за зајакната имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.

Во Програма за европска иднина 2024 на СДСМ и Коалицијата за европска иднина има посебно поглавје VII. Младите – столб на иднината, односно Младински манифест.
Во овој манифест се вклучени бројни заложби и група мерки кои се однесуваат на подобрување на положбата на младите, но и зајакнување на некои принципи како што е родовата еднаквост. Тие се:

- Првата заложба е за Квалитетни работни места на конкурентен пазар на труд преку: универзален минимален приход, пристап до квалитетни работни места, концепт – Плата за живот.

- Заложбата Пристап до квалитетно и инклузивно образование и обука ветува достапно, пристапно и квалитетно образование за сите млади преку: имплементирање на Европската детска гаранција, наставни програми кои поттикнуваат креативност, мотивираност и критичко размислување, воведување сеопфатно сексуално образование во училиштата и доживотно и неформално учење и тренинг.

- Заложбата за Младински стандард се однесува за унапредување на младинско учество преку: грижа за менталното здравје на младите, програми за финансиско јакнење на животниот стандард на младите, достапен и пристапен јавен транспорт и формирање Министерство за млади.

- Заложбата Сакаме да живееме во функционална држава–системот да функционира за сите ветува општество без корупција со воведување на прогресивен данок за одржливо општество, транспарентно работење на јавната администрација, дигитализирање на сите институционални процеси и документи, ефикасно и независно судство ослободено од партиски влијанија и универзален пристап до квалитетна здравствена заштита.

- Зложбата за Достапно, пристапно и достоинствено домување би се остварила преку утврдување на максималниот износ на цените на пазарот за издавање недвижнини, план за јавно домување на млади до 29 години, програма со субвенционирани и поволни цени за купување сопствен дом за млади до 29 години, самостојно асистирано живеење на лица со попреченост, енергетски ефикасни домови кои ќе го подобрат еколошкиот отпечаток на домувањето.

- Заложбата Еднаквост и вклученост за тебе. И за сите се ветува живот ослободен од насилство за секоја една, еднакви можности на пазарот на трудот, еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции, сексуално и репродуктивно здравје и права, залагање за остварување на правата на жената Ромка и правата на лицата со попреченост.

> „Се залагаме за еднакви можности за квалитетен и достоинствен живот и просперитет и се бориме за достапни квалитетни јавни услуги и сервиси за граѓаните – домување, здравство, образование, транспорт, кои мора да бидат универзално достапни за сите граѓани, а не само за оние со највисоки примања.“
>
> Извадок од изборната програма Програма за европска иднина 2024 на Коалицијата за европска иднина

## Програмата Европа 2030 на Европскиот фронт

Во програмата Европа 2030 на Европскиот фронт фокус на младински прашања има во поглавјето 3 Договор за економски консензус посебен сегмент, 3.5 Активни млади лица и еднакво општество и посебен дел Активни млади лица.

Во рамките на овој дел застапени се заложби и младински мерки за унапредување на положбата на младите и тоа:

Генерална заложба Младите лица, културата и спортот во чии рамки се ветува воведување на еднакво застапување во распределба на средствата за поддршка на организациите за граѓанско општество со фокус на поддршката на младинските организации кои работат на прашањето на развојот на младите Роми.

Понатаму, како што се наведува, целта на Европскиот фронт е да создадеме и имплементираме интегрална стратегија за младите, која ќе обезбеди средина каде што младите ќе можат целосно да го развијат својот потенцијал, нудејќи поддршка во откривањето на нивните индивидуални потреби и промовирање на талентите, интересите и нивната креативност".

Активно учество на младите во одлучувањето и тоа на повеќе нивоа како на пример во институциите, во креирањето и донесувањето на политики, во образованието. Тоа би се спровело преку имплементација и следење на ефектите од Законот за младинско учество и младински политики, како и регулирање на учеството на младите во средните училишта преку нова законска рамка.

Се поддржува младинскиот активизам, како и активизмот во дигиталниот простор преку унапредување на дигиталната писменост и унапредување на користењето на дигиталните алатки.

Се поддржува младинскиот сектор, а особено активностите со руралните млади, младинската работа преку признавање на професијата работник со млади и градење на капацитети во таа насока.

Се гарантира еднаков пристап и квалитетно образование за младите.

Во делот на економско зајакнување на младите се предвидува формирање на Национален меѓусекторски совет кој ќе се залага за постојана и одржлива работа за младите, активирање на младите кои не се во образование ниту се вработени (НЕЕТ), поврзување на бизнисот со училиштата и факултетите, поддршка за претприемништво и стартапи.

Заложби за подигнување на квалитетот на живот на младите преку промоција на здрави животни стилови, физичка активност и борба против зависностите.

Се ветува и борба против насилството и зајакнување на безбедноста на младите.

> "
>
> Визијата на Европскиот фронт во однос на младите е „Општество каде младите ќе бидат третирани како еднакви партнери во креирањето и спроведувањето на младинските политики, без дискриминација и предрасуди".
>
> Извадок од изборната програма Европа 2030 на Фронт за Европа

## План 2030 на Коалицијата Вреди

Во програмата План 2030 на Коалицијата Вреди фокус на младински прашања има во посебно поглавје VI. Младите, образованието и едукацијата.

Во рамките на ова поглавје има повеќе сегменти кои вклучуваат заложби и мерки за млади и тоа:

Во сегментот Децата и младите – игра, спорт и култура се ветува изградба на 200 спортски терени во албанските средини, 5 албански културни центри и поддршка за елитните спортисти.

Се предвидува училиштата да бидат центри на заедницата опремени со физички дигитални билиотеки и бесплатен интернет пристап.

Во сегментот Национална едукација и образование се ветува унфикација на наставните програми со Албанија и Косово, формирање на заеднички институт, негување на говорот и јазикот. Се планира воведување на силно гимназиско образование за сите кои ќе положат приемен испит за во гимназија, а сите други упис во стручни училишта.

Понатаму во делот на образованието се ветува квалитетно стручно образование зголемување на безбедноста во училиштата, зајакнување на квалитетот на универзитетите.

> „Гимназии за технологија и дигитални науки ќе бидат формирани или дополнително ќе се развиваат во Скопје, Тетово и Битола“.
>
> Извадок од изборната програма План 2030 на Коалицијата Вреди

## Неподмитливите во Собрание

Во програмата Неподмитливите во Собранието во има конкретни мерки за млади во поглавјето I. Труд и социјална правда посебен дел за Млади.

Во тие мерки спаѓаат:

- Создавање услови за здравствено и пензиско осигурување за млади фриленсери до 26 години
- Формирање на повеќенаменски младински културни центри на територијата на цела Република
- Формирање на посебни мрежи и фондови за поддршка на млади таленти од сите области на уметноста,
- Градење на специјализирани институции за работа со детски таленти од најрана возраст,
- Попусти за т.н. културни пакети за млади до 29 години, попусти за меѓуградски превоз за млади до 26 години,
- Зголемување на субвенционирањето за органското производство со автохтони сорти и видови за младите земјоделци
- Субвенционирање на социјални станови за млади до 29 години, како и за млади брачни парови (со или без деца).

Мултисекторски политики за млади

Покрај фокус на младинските политики во сегментото Време за младите, во Платформа #1198 на ВМРО-ДПМНЕ вклучени се политики за млади во повеќе поглавја т.е институиционални сектори.

Тоа се наведува уште во воведното обраќање на лидерот на партијата каде стои дека младите се централна точка во изборната програма во која се вели дека понатаму се поместени мерки за поддршка на младинското учество во политиката, поддршка и развој на спортот, квалитет на образованието, стипендии и поддршка на претприемничкиот дух.

Во поглавјето I Борба за квалитетен животен стандард, во делот 2 Конкурентен приватен сектор се предвидува поддршка на екоситемот на стартап иницијативи и со тоа поддршка на претприемничкиот дух кај младите. Во планираната поддршка влегуваат нови законски решенија за поттикнување на претприемнички иницијативи, законски решенија за бизнис-ангели, како и поддршка преку обезбедување на бесплатни простории.

Во делот 3 Поддршка на иновациите и ИКТ секторот, предвидени се повеќе мерки за развој на дигиталните вештини кај младите како што се технолошки талент во основното и средното образование (алгоритамско размислување, работа со податоци, дисруптивни технологии, вештачка интелигенција и генеративна вештачка интелигенција, основи на програмирањето, работа со мултимедијални содржини, онлајн безбедност), ИТ модул за средношколци кој ќе обезбеди средно ниво на дигитална писменост за секој млад човек на 18 години, како и 15.000 ИКТ обуки за македонските граѓани. Се ветува основање на технолошки парк Скопје смарт со нови работни места за млади со ИТ вештини.

Во делот 4 Продуктивни и високо платени работни места се ветува силна финансиска поддршка од 15 милиони ЕУР за пазарот на труд

Во делот 5 Национален план за демографија се ветува нов пристап кон младите за да им се понуди достапно образование, стабилни работни места и плати кои ќе можат да им ги покријат трошоците за живот и одгледување на деца. Во истиот дел се предвидени и економски мерки за семејствата т.е мерка Дом за млади преку подобрување на мерката Купи куќа за млади.

Во делот 7 Земјоделство и храна за Македонија во Развој на руралните средини се планираат неповратни средства за млади земјоделци - за проекти со понуден бизнис-план за започнување на земјоделски бизнис и финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис.

·Во поглавјето III Институциите работат според законите се предвидува реорганизација за министерствата при што сегментот млади би се вклучил во рамки на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Во поглавјето IV Функционален систем за граѓаните во делот 1 Ќе има квалитетен здравствен систем се ветува значајна поддршка на младите лекари преку развој на Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари која ќе овозможи нивна достоинствена работа во здравствениот систем. Младите специјализанти – иднина на македонското здравство се планира да бидат поддржани преку двојно зголемување на бројот на специјализации од дефицитарни области и стратешко планирање на специјализациите. Во рамки на стратегијата за млади лекари се планира да се вклучи изработка на кариерен план, утврдување на достоинствен финансиски надомест на специјализантите и платени дежурства.

Во делот 2 Образование за иднината поместени се бројни мерки преку кои директно и индиректно треба да се влијае на развојот на младите луѓе во државата. Во областа основно и средно образование како основа на успехот се планирани мерки како што се ревизија на наставните планови и програми, настава во една смена и продолжен престој за секој ученик, учебник за секој ученик, како и целосна ревизија на концепцијата за основно образование. Понатаму се предвидува зајакнување на професионалната ориентација на учениците, мерка учениците во компаниите преку практична работа, реални компании во училиштата, центри за талентирани ученици,како и основање на регионални центри за стручно образование и обука. Исто така, се ветува и зајакнување на социо-емоционалната поддршка на родителите и учениците и зајакнување на безбедноста на учениците преку посебна Програма за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина. За високото образование на младите се ветува развивање практична работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање, зајакнување на програми за двојна диплома на високообразовните институции, кои се особено значајни за зголемување на знаењата и вештините и воведување меѓународни програми со светски универзитети, поттикнувачки мерки за запишување на студенти на факултетите за природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките науки со ослободување од партиципација и зголемена месечна стипендија. За инклузивното образование се предвидува понатамошно унапредување преку подобрена и зголемена поддршка на учениците со попречености, образовна асистенција, асистивна технологија, обучен наставен кадар и инклузивна училишна средина. Во однос на образовната инфраструктура се ветува инвестиција од 25 милиони евра што ќе бидат наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови, со цел обезбедување на достоинствени услови за живот и учење на студентите.

Во поглавјето V. Патриотизам што обединува, во делот 1 Национални приоритети на македонската надворешна политика се предвидува мерка интерн.мк со која се отвораат вратите за пракса на студенти на политички и правни науки, дипломатија и сл.

Во делот 2 Безбедност и одбрана се предвидуваат мерки за зајакнување на безбедноста во училиштата преку формирање на државна агенција за обезбедување која ќе го преземе обезбедувањето на училиштата, елиминација и превенција на меѓуврсничко насилство, како и мерка за вработување на најдобрите студенти во МВР и во безбедносните агенции.

„Преку програми на Агенцијата за вработување насочени кон мерки за вработување на млади, создавање на вештини и квалификации, преквалификации и доквалификации на ранливите категории, обуки за вештини потребни за пазарот на труд, поддршка на претприемливоста, како и кофинансирање на обуки за користење на нови технологии ќе овозможиме отворање на нови работни места и попродуктивни работници.“

Извадок од изборната програма Платформа #1198 на ВМРО -ДПМНЕ

Во делот 3 Културата столб на македонската држава се предвидува унапредување на можностите за културен развој на младите преку креирање на соодветни културни и културно-образовни програми за развој и едукација на деца и млади во насока на поттикнување на нивната креативност. Културата за деца и млади ќе опфати зголемена поддршка на музичката, филмската и телевизиската продукција за деца и млади на македонски јазик, како и системски концепт за развој на културно-образовни програми со достапност за публиката.

Во делот 4 Македонија атрактивна туристичка дестинација се предвидува подобрување на стручното образование во туризмот преку унапредување на практичната работа во средните училишта, соработка со компании од стопанството, модернизација и подобрување на квалитетот на наставните програми. Понатаму се вели ,ќе работиме на намалување на јазот помеѓу образованието и работодавачите во областа на туризмот". Исто така, во овој дел се предвидуваат едногодишни специјалистички студии за туризам.

Во делот 6 Спортот национална гордост се вклучени мерки за младите кои се однесуваат на подобрување на условите за спортување и поддршката на спортистите. Мерките поместени во областа Важни ни се спортистите вклучуваат спорт за секое дете преку обезбедување соодветни услови за одржување на физичко образование во секое основно и средно училиште. Преку програми за поддршка на спортските клубови се планира да се стимулираат што повеќе деца да се вклучат активно во професионални спортски активности. За децата што се талентирани, а доаѓаат од семејства што немаат доволно финансиски средства, државата да субвенционира месечна членарина во спортските клубови. Исто така, како една од мерките е и воведување на ученички спортски лиги.

Во Програмата за европска иднина 2024 на СДСМ и Коалицијата за европска иднина, исто така интегрирани се младински мерки и политики низ повеќе сектори.

Во поглавјето I Нова економска енергија за европски раст и стандард предвидени се мерки за зајакнување на капацитетите на младите и подобрување на нивната економска состојба и независност.

Во делот Нова економска енергија се предвидува мерка 200 евра за прво вработување за млади до 26 години како стимулативна финансиска поддршка која ќе им даде можност да започнат да ги реализираат своите соништа во својата земја. Исто така, се предвидуваат и мерки за јакнење на човечкиот капитал преку усогласување на образованието со потребите на пазарот на труд, потоа воведување на нови наставни програми преку кои претприемачкиот начин на размислување ќе биде интегриран во целокупниот образовен систем. Посебен сегмент ќе претставува формирањето претприемачки центри. Се планираат стипендии за докторски студии во домени на паметна специјализација. Исто така, се планира воведување на дигитални образовни програми, како што е промовирање на STEM предмети (Science, Technology, Education and Mathematics) и мерка за поттикнување на претприемништво преку ослободување од плаќање данок за новоотворените фирми формирани од млади лица до 29 години, сè додека прометот не надминува 4 милиони денари.

Во делот 2 Македонија со европска инфраструктура се планира мерка за изградба на станови за млади лица и оние млади кои формираат семејства. Проектот предвидува изградба на комерцијални станови за млади лица до 29 години, во чија откупна цена Владата ќе субвенционира одреден процент од вредноста на чинење на станот. Мерката за силно градежништво со стандарди и нов човечки капитал предвидува бесплатни студии во државна квота за сите студенти запишани на Градежниот факултет (сите програмски студии) и за студенти запишани на Архитектонскиот факултет.

Во делот 4 Вкусот на Македонија се предвидуваат мерки за млади земјоделци до 40 години што започнуваат бизнис во земјоделство, грантови до 10.000 евра и зголемување на грантот за 50 % од 10.000 евра на 15.000 евра, почнувајќи од 2026 година. Младите земјоделци што го преземаат земјоделското семејно стопанство добиваат грант до 20.000 ЕУР, 100 % пораст на субвенции за директни плаќања во првите 5 години за млади земјоделци кога го преземаат бизнисот и се запишуваат во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС). Се планира зголемување за 40% на студентските стипендии за студенти од областа на земјоделските, шумарските и ветеринарните науки на јавните високообразовни установи во висина од 18.000 денари на 25.000 денари за период од девет месеци во годината, почнувајќи од 2025 година, и гарантирано вработување на сите дипломирани студенти.

Во поглавјето II Добро управување – подобар и праведен систем за сите, со цел обезбедување ефикасни институции и мотивирана администрација за задоволни граѓани, се предвидува воведување стимулативни мерки за задржување на најдобрите студенти од нашите универзитети во јавниот сектор, така што ќе биде загарантирано вработување во министерствата и општините на дипломците со освоени награди, меѓународни и домашни признанија, остварена практика во текот на студирањето, нивни учества на конференции, семинари и сл.

Во поглавјето III Грижа за сите, делот 1 Повеќе и подобро за сите, се планира понатамошно проширување на мерката младинска гаранција која сега ќе опфати 35.000 лица. За прв пат се планира воведување софтвер за младинска работа, за креирање на систем за психосоцијална поддршка на младите и промоција на ментално здравје. Другите мерки вклучуваатпромоција на онлајн советувалишта, следење на новите модели за поддршка на граѓаните преку имплементирање на онлајн советувалишта за психо-социјална поддршка за граѓаните, со посебен фокус на жртвите на родово и на семејно насилство, но и поддршка на младите.Понатаму се планира развој на младински центри за психо-социјална поддршка на деца, млади и нивните родители преку отворање на осум регионални советувалишни центри за деца и млади, промоција на сигурни точки за млади во секој меѓуопштински центар за социјална работа за подобрување на пристапот до услуги за ментално здравје за младите луѓе, вклучително и преку развој на услуги засновани врз основа на потребите на младите, за промовирање на важноста на менталното здравје на младите кон постигнување на комплетна благосостојба. Понатаму се планира развој на младински центри за психо-социјална поддршка на деца, млади и нивните родители преку отворање на осум регионални советувалишни центри за деца и млади, промоција на сигурни точки за млади во секој меѓуопштински центар за социјална работа за подобрување на пристапот до услуги за ментално здравје за младите луѓе, вклучително и преку развој на услуги засновани врз основа на потребите на младите, за промовирање на важноста на менталното здравје на младите кон постигнување на комплетна благосостојба. ·Како пакет за поддршка на семејствата за секое прваче и пакет за поддршка на средношколец кој тргнува во прва година средно училиште. Исто така, се предвидува и мерка за зголемување на износот на младински додаток и поместување на границата за вклучување во мерката Зголемен опфат на млади од ранливи семејства со работно вклучување и зголемување на износот кој го добиваат од 3.000 денари на 5.000 денари месечно, преку измени и дополнувања на Законот за младински додаток. Како мерка се наведува и развој на софтвер ‚Младинска работа – E-youth job“ по модел на словенечкиот ‚Економската стабилност и независност на младите – клуч кон развој на општеството“. Системот е електронска платформа која посредува за пронаоѓање привремена работа и работа со скратено време за средношколци и за студенти. Целта е да се овозможи активација на 65% од младите во првите две години од воспоставување на системот.

> „Младите се нашата иднина и поради тоа идната Влада предводена од СДСМ креира мерка за обезбедување поволни станбени единици за млади брачни парови.“
>
> Извадок од изборната програма Програма за европска иднина 2024 на СДСМ и Коалицијата за европска иднина

Во делот 2 Европски стандарди за македонското здравство се ветува унапредување на условите за медицинско образование преку ,зголемување на квотата за студенти на јавните високообразовни институции, конкретно, удвојување на квотите на Медицинските факултети, на Стоматолошките факултети и на Фармацевтските факултети. На тој начин, годишно ќе се зголеми кадарот за 100% и ќе се продуцираат квалитетни кадри. Се предвидува сите студенти да бидат ослободени од трошоците кои ќе ги плаќа Владата од Буџетот на МОН. Бројот на годишни специјализации да се зголеми и да се изедначи статусот на специјализантите помеѓу ,државните и приватните" специјализанти. За секој специјализант да се креира работно место во здравствената мрежа, со фокус на приоритетните медицински области и градови во државата. Специјализантите да ги остваруваат сите права за текот на својот стаж, преку целосно вкупно здравствено осигурување и да добиваат основен месечен надоместок од почетни 60.000 денари." Како значајна мерка се планира да се развие Фактултет за медицински науки во југозападниот регион на државата при Универзитет Св. Климент Охридски во Битола. Исто така, се планира да се подготви државна стратегија за запишување на студенти по медицина, стоматологија и фармација, како и специјализации, во согласност со потребите на државата и во согласност со рамномерната распределба на високообразовните установи, за да се обезбеди квалитетно високо образование.

Во делот 3 Образование и вештини за европска иднина клучни политики се: подобри и безбедни услови за учениците во училиштата и подобри услови за престој во ученичките и студентските домови (безбедни ученици, бесплатен оброк за сите основци, санкции за секој кој врши булинг, бесплатна едукативна екскурзија, бесплатен јавен превоз, ИТ опрема и асистивна технологија за секое училиште, подобри услови во ученичките домови); стипендии за учениците во гимназиско образование и субвенција од 3.000 денари за училишни материјали и училишни помагала за секој ученик; субвенциониран оброк за сите средношколци во износ од 180 денари дневно или 900 денари неделно; унапредување на работата со талентирани и надарени ученици; поддршка на ученици со попреченост во основно и средно образование; поттикнување на интересот кај учениците за запишување на наставнички факултети. Во делот на високото образование се планира, исто така, бесплатен превоз за сите студенти, износ за студентски оброк од најмалку 200 денари, укинување на такса за пријавување испит, создавање култура за истражување и иновации преку концепцијата – стратегија за ,Одговорно истражување и иновации"; јасни политики за подобар квалитет на високото образование. Понатаму, се потенцира заложбата за задржување на најдобрите студенти и ангажирање на млади лица во високообразовните и во научните установи во државата.

Во поглавјето V Безбедна Македонија во делот 1 Посилни со НАТО се предвидени Активни мерки за поттик на младите и тоа преку стипендирање на најдобрите студенти од критичните специјалности.

Во поглавјето IV Европски квалитет на живот поместени се мерки во делот 4 Спорт за ситепреку кои се очекува да се стимулира рамномерен, инклузивен и одржлив спортски систем кој ќе придонесе кон здрава младина и содржини кои ќе ги мотивираат младите. Омасовување на спортовите и подобрување на спортските резултати за сите спортови.

Во поглавјето VI #МК во ЕУ 2030 се потенцира значењето на Младите за #МК во ЕУ2030: клучна алка за остварување на европската иднина на земјата. Понатаму, се наведува мерка Младите се активни ,амбасадори" на својата земја низ земјите-членки на ЕУ при што се планира да се формира Фонд за поддршка на млади таленти – ,амбасадори – МК таленти" кои треба да бидат предводници на развојот и иднината. Исто така се планира да се воспостави мрежа на старт-ап амбасадори од наши граѓани кои живеат и работат во Северна Македонија со високо профилирани ентузијасти кои живеат и работат во поголеми технолошко-напредни центри во Европа и светот. Амбасадорите се млади луѓе што ќе служат како мост за промоција на македонски старт-ап компании пред потенцијални странски компании и бизнис ангели.

Во програмата Европа 2030 на Европски фронт младите се вклучени во неколку секторски области и тоа:

Во поглавјето 3 Договор за економски консензус, во делот 3.1 Конкурентна економија и дигитална трансформација, опфатени се мерки за Квалитетно образование и работна способност. Тука се наведува како мерка зајакнување на дуалното образование, пристап до стручна обука, пристап до програми за образование на возрасни. Понатаму, се предвидува воведување на Европска рамка за дигитални вештини во националните наставни програми, формирање на ,паметни" основни и средни училишта со ИТ средства и интернет инфраструктура. Поместена е и генерална заложба за унапредување на квалитетот на наставата во основното, средното и високото образование преку реформи во наставните програми и моделите за евалуација на образовниот процес. Паралелено со овие реформи во образованието би се вовеле и нови шеми за поддршка на претпријатијата. ·Во овој дел опфатени се и Активни мерки за пазарот на труд.

Во делот 3.2 Одржлив развој и зелена трансформација во рамки на мерките за Рурален и земјоделски развој се предвидува преку Програмата за финансиска поддршка на земјоделството и програмата за рурален развој да се стимулираат младите земјоделци под 40 години.

Во делот 3.3 Современа инфраструктура и рамноправен регионален развој, за рамноправен развој се предвидува ослободување од даноци за сите приватни претпријатија создадени неодамна од млади поединци до 30 годишна возраст, специфични програми за поттикнување на вработување на младите и жените преку обуки, субвенции за плати и поддршка за вработување, како и практични програми за зголемување на вработувањето на младите, жените и другите ранливи категории. Овие програми се особено насочени кон најзасегнатите региони како: Полошкиот регион, Североисточниот регион и Југозападниот регион, каде што невработеноста е највисока. Се планира и Закон за социјално претприемништво за да се излезе во пресрет на младите и жените кои сакаат да формираат социјални претпријатија. Во рамки на мерката Атрактивни плански региони со подобрени локални услуги, ефективен пристап во пазарот на трудот, преку обезбедување на повисоко ниво на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите категории предвидено е: зголемување на Фондот за изградба на социјални станови во раселени области, подобрување на активноста и вработувањето на младите во пазарот на трудот, обезбедувајќи програми и мерки за зголемување на нивно вклучување во вработувањето и образованието, со фокус на младите кои не се ниту вработени или кои не се вклучени во образование (НЕЕТ).

**„Институционализација на Гаранцијата за млади преку усвојување на посебен закон. Ова ќе обезбеди одржлива структура за поддршка на младите за вработување, вклучително програмите и услугите кои им помагаат на нив во изнаоѓање и зачувување на работното место".**

**Извадок од изборната програма Европа 2030 на Европски фронт**

Во План 2030 на Коалицијата Вреди има политики за млади и во други делови на програмата од како на пример:

Во поглавјето III Макроекономија: за граѓанинот се предвидува зајакнување на слободните економски зони преку воспоставување на Албански слободни економски зони. Една од тие зони се планира да биде Младинска слободна економска зона наменета за младинските бизниси во која ке има поволности за стартап и за технолошкиот сектор.

Во поглавјето V Дијаспората и враќањето се предвидува преполовување на данокот на добивка и примена на кредитниот систем за оние кои се вратиле од дијаспората и кои ќе отворат бизниси кои вработуваат млади и жени. Во рамки на истото поглавје се предвидува нула камата за млади брачни парови за купување на станови.

Во програмата Неподмитливите во Собранието во поглавјето I. Труд и социјална правда, освен во посебниот сегмент за млади има и други мерки кои се однесуваат на младите. Така на пример:

o Во делот на Работнички права се предвидуваат бенефиции за млади лица кои за првпат засноваат работен однос.

o Во делот Жртви на насилство, во однос на превенција на малолетничкото престапништво се планира возобновување на системот за посебни училишта за превоспитување на проблематични деца со несоодветно и насилно поведение.

o Во делот на Инвалиди и лица со посебни потреби се ветува вработување на школски, т.е. образовни асистенти, кои ќе им помагаат во училиштата на учениците со посебни потреби, од страна на Министерството за обрзование, како и бесплатни доедукации, факултетски стипендии на лицата со попреченост, можност за изборни предмети согласно афинитетите на лицата со попреченост и воведување на бесплатно средно образование за овие лица.

o Во делот Детска заштита се предвидува Национална програма ,Работа за секого" со мерки за интегрирање во трудовиот процес на млади лица без родители или без родителска грижа.

Во поглавјето III Политички систем и администрација, во делот Информатичко општество и дигитална трансформација на јавните услуги се предвидува мерка соработка со ИТ фирмите, кои би давале стручно туторство на млади и стари лица. Како новини од делот на дигиталните услуги ко се важни за младите се воведување на Е-дневник и Е-индекс, како и Е-учебници за ученици и студенти.

Во поглавјето VII Култура, туризам и спорт, во делот Уметност, музика и филм се предвидува формирање посебна мрежа на центри за поддршка на млади таленти од најрана возраст, од сите области на уметноста, а во делот Аматерски спорт луна-паркови, скејт-паркови, водени-паркови, зиплајн и детски игралишта со забавни и рекреативни содржини на повеќе локации низ Македонија, како и државна програма за спортска помош – ослободување од членарини во спортски клубови на деца од социјално загрозени семејства, со цел зголемено спортување од мали нозе за сите.

Во поглавјето VIII Образование и наука се предвидуваат мерки за подобрување на ученичкиот и студенскиот стандард како што се бесплатни учебници, бесплатен оброк, бесплатен јавен превоз, попуст при полагање на возачки испит и пакет минимум културни и социјални активности. Во делот Студентски права се предвидува бесплатно високо образование, гарантирано вработување на студенти со висок просек, непрекината работа на факултетските читални, измени со системот на доделување на студентски стипендии за студирање во странство, измени во студентската репрезентативност, формирање студентски клубови и сл.

Во поглавјето IX Здравство се ветува гарантирано вработување во јавно здравство на најдобрите студенти на медицински науки, фер финансиско субвенционирање за млади лекари во примарното здравство, со посебен акцент на лекари во дефицитарни области и рурални средини, подобрување на статусот на специјализантите преку серија мерки, од типот редовно објавување на конкурс за специјализации, бесплатна специјализација, зголемување на месечниот надомест за специјализантите, подобрување на менторствата и едукацијата во текот на специјализацијата, обезбедување здравствено осигурување на приватните специјализанти и др. Исто така, се предвидува и мерка бесплатни базични стоматолошки услуги на млади (до 21 годишна возраст).

Во поглавјето X Земјоделие се предвидува мерка за формирање едукативни центри за менторска поддршка на земјоделците и фармерите, со посебен акцент на оспособување и вклучување на младите и жените, како и ‚издвојување на посебна категорија за субвенционирање – млади земјоделци, особено за: производство на млеко, занаетчиство, нови култури, еко–фарми и еко–туризам“.

‚Бесплатно делење на земјишни парцели на млади индивидуални земјоделци, на долготраен закуп, со обврска одреден процент од своето производство да го даваат на локалната самоуправа – за задоволување на потребите за храна во социјалните институции (пр. јавни кујни, мензи, градинки, школи и сл.).“

Извадок од изборната програма Неподмитливите во Собранието на Левица

Во поглавјето XII Јавна безбедност и народна одбрана, во делот Полиција се предвидуваат мерки за обновување на средното полициско училиште, односно Центарот за обука на кадри од областа на безбедноста при МВР, и задолжително вработување на сите кадети од Центарот за обука и на сите дипломирани криминолози од Полициската академија. Во делот Армија се ветува задолжително вработување на дипломираните питомци на Воената академија – во МО или во АРМ.

Опширната анализа на изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори покажува дека опфатот на прашањата поврзани со младите е обемен. Политиките и мерките за млади можат да се најдат кај секој политички субјект и речиси во секоја област од општественото живеење претставена во изборните програми.

Во скоро сите изборни програми предложените мерки не се поткрепени со временски рокови за нивното спроведување ниту пак има предложено показатели преку кои би се следело спроведување на истите. Поради ова е скоро невозможно да се процени дали предложените мерки се остварливи и каков вид и обем на човечки и финансиски ресурси се потребни за спроведување на програмите.

## *Прашања поврзани со младите*

Може да се каже дека изборните програми на политичките субјекти се во знакот на поддршката за младите и ветувањата кои се даваат за подобар квалитет на живот и подобра положба на младите во државата. И кај овие политики и мерки, како и кај родовите прашања, важи тврдењето дека станува збор за заложби и мерки кои се многу слични, иако кај различни политички субјекти може да се забележат и мерки кои се веќе отпочнати или биле ветувани во претходни изборни циклуси.

Кај младинските прашања доминираат ветувања за подобро образование и вработување преку веќе познати пристапи како што се ревизија на наставни програми, зајакнување на стручното образование, повеќе практична работа, активни мерки за поддршка на вработувањето (како обуки, практикантства, поддршка за работодавачи кои вработуваат млади лица), и поддршка на претприемнички иницијативи. Кај некои политички субјекти се лицитира со конкретни бројки на вработувања, како и конкретни износи за плата на млади лица при нивно прво вработување.

Особено место во изборните програми има градењето на дигиталните вештини и компетенции кај младите преку формално и неформално образование, како и поддршка на иницијативи и бизниси кои се засноваат на ИКТ. Понатаму, политичките субјекти во овие изборни програми се обидуваат да дадат одговор и на проблемот со иселувањето на младите, односно го препознаваат проблемот и се обидуваат да го решат преку демографски мерки, мерки за подобрување на животниот стандард кај млади брачни парови и кај младите воопшто, мерки за кариерен развој во државата и мерки за соработка со младите кои се иселиле во дијаспората и кои имаат вештини и знаења преку кои може да помогнат во напредокот на државата.

Задолжителен дел до изборните програми, како и до сега, се мерките во областа на културата и спортот, здрави животни стилови, отворањето на младински центри, изградба на спортски игралишта, поддршка на младински спорт и сл. Изборните програми и овојпат вклучуваат поддршка за млади земјоделци преку конкретни грантови и како дел од програмата за рурален развој.

Интересно е што во изборните програми кај повеќе политички субејки овојпат се наоѓаат и конкретни мерки за решавање на проблемот со насилство во училиштата, булинг, поддршка на родители и млади и сл. Повторно, поретки се мерките за зајакнување на младинското учество на сите нивоа и речиси минимални се мерките за зајакнување на спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики, како и мерки за работници со млади и поддршка на младински организации.

# 06 Препораки

·Од особена важност е граѓаните поблиску да се запознаат со опфатот на прашања поврзани со младите во рамки на изборните програми. На таков начин и тие ќе можат самостојно или со поддршка на граѓанскиот сектор да бараат поголема отчетност од властите на национално и локално ниво.

Иако опфатот на мерки кои се однесуваат на младинските прашања може да биде подлабински и постратешки, сепак и за овие мерки кои се вклучени од особена важност е тие да бидат операционализирани во конкретни програми, да вклучат и финансиски проекции и буџет потребен за реализација како и извори од каде ќе се обезбедат финансиските средства.

Со оглед на постоењето голем број на приоритети на владата и тенденција за маргинализација на прашањата за младите мошне важно е да постои заложба и активно лобирање за овие мерки од страна на граѓанскиот сектор и на граѓаните за спроведување на мерките преку постојан мониторинг на работата на влада

·Неопходно е да се води дијалог и јавна дискусија околу операционализацијата на мерките за млади кои се поместени во изборните програми на политичките субјекти. Таквата јавна дискусија особено треба да даде можност за еднаква застапеност на потребите и решенијата на регионална, етничка и полова основа.

·Опфатот на младинските прашања во изборните програми, а кои специфично ее однесуваат на помалите етнички заедници, треба да биде поголем и да вклучува повеќе мерки и пристапи за третман на потребите на овие заедници.

# 07 1.Преглед на вклученоста на ветувањата за млади и родовите прашања во Програмата за работа на Владата 2024 - 2028

Анализата на изборните програми за парламентарните избори 2024 на политичките субјекти кои сега ја сочинуваат Владата (ВМРО-ДПМНЕ, Коалицијата ,Вреди" и Движењето Знам) покажа дека во нив беа застапени мерки и политики кои се однесуваат на прашањата за младите. При тоа кај политичките субјекти кои сега ја сочинуваат Владата т.е ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ,Вреди, беа издвоени посебни поглавја посветени на младите, додека кај Движењето Знам имаше неколку мерки за млади кои беа дел од тематските подрачја на нивната програма. Ова зборува дека политичките субјекти ветуваа и постаратешки пристап кон младинските прашања.

Оваа компаративна анализа има за цел да истражи во кој обем ветените мерки во областа на вклучувањето на младите кои беа дел од изборните програми на сега владеачките партии, се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028. Поконкретно анализата ќе опфати преглед на ветувањата во:

- Изборната програма на ВМРО- ДПМНЕ ,Платформа # 1198".
- Изборната програма на Коалицијата ,Вреди" ,План 2030".
- Изборната програма на Движењето Знам ,Проглас за достоинствена Македонија".

## *Компаративна анализа на опфатот и третманот на прашањата поврзани со младите*

Прашањата кои се однесуваат на младите доминираа како посебни поглавја во изборните програми на ВМРО – ДПМНЕ и Коалицијата ,Вреди". Дополнително, младите како категорија беа вклучени низ различните секторски политики на овие политички субјеки и делумно вклучени во изборната програма на Движењето Знам. Така, политики за млади можеа да се најдат во тематските области образование и вработување, земјоделство, како и во дигиталната трансформација и ИКТ.

### *Заложби и мерки од платформа #1198 – клучни наоди*
### *Поглавје VI. Права и слободи – програмски фокус време на младите*

Во Платформа # 1198 на ВМРО- ДПМНЕ фокус на младински прашања беше ставен во поглавјето VI. Права и слободи, програмски сегмент Време на младите. Во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 повторно овие прашања се во рамки на истото поглавје, а програмскиот сегмент е преименуван во Младите во фокус.

Предвидените мерки за млади во Платформа #1198 во ова поглавје генерално се задржани. И додека во изборната програма се наведени и квантитативни показатели за инвестииците во младите (како на пример, износ за студентски стипендии, број на млади земјоделци кои ќе бидат поддржани, износ за средства кои би се вложиле во поддршка на претпреименички иницијативи и сл.), во Програмата за работа на Владата 2024- 2028 кај поголем дел од мерките отсуствуваат квантитативни показатели што пак ги прави таквите мерки неспецифични и тешки за мерење т.е се отежнува следењето на реализацијата и успешноста на овие мерки.

Во Платформа #1198 специфично беше ветено Министерство за социјална политикиа, демографија и млади што веќе се реализираше. Но, иако подобрувањето на младинското учество е наведено како една од целите на Владата во рамки на програмскиот сегмент Младите во фокусот, не можат да се сретнат мерки како ќе се подобри младинското учество, ниту пак мерки за отворање на младински центри во градовите.

Компаративна Табела 3– Компарација на Платформа #1198, програмски сегмент Време на младите со Програма за работа на Владата 2024 – 2028, програмски сегмент Младите во фокусот

| **Платформа # 1198 (изборни ветувања)** | **Програма за работа на Владата 2024 – 2028 ( изводоци)** |
|---|---|
| Економски мерки за младите како што се: 70.000 нововработени млади, ослободување од данок на личен доход за млади лица до 29 години, загарантирана понуда за работа за 500 најдобри студенти, хонорарна работа за студенти, 5.000 едногодишни обуки за млади од ИКТ обласа, како и сертификација на ИКТ професионалци, и 5 милиони ЕУР за претприемачки иницијативи за младите. | Мерки:<br>• Програма за 500 студенти со највисок академски успех од додипломските студии на јавните универзитети секоја година да добијат понуда за работа во приватниот и во јавниот сектор;<br>• Законски измени за создавање можност секој студент да работи на скратено работно време без да го изгуби статусот редовен студент;<br>• До 5.000 едногодишни обуки за напредни дигитални вештини согласно со потребите на домашните ИКТ компании;<br>• Кофинансирање за меѓународна сертификација на млади ИКТ професионалци со цел зголемување на продуктивноста на работниците;<br>• Финансиски средства за претприемнички иницијативи на младите како сеопфатна програма за поддршка на младинското вработување;<br>• Советодавни услуги за младите што ќе започнат бизнис во полето на легислатива, финансии и даноци, административно работење, ИТ алатки, маркетинг и други соодветни програми за поддршка при започнување со сопствен бизнис. |
| Поттикнување на вработувањето во новите професии, се предвидува дигитално поврзување со светот, дигитални иновациски хабови, поддршка на младинско волонтирање во јавните институции, е – ваучер за дополнителни обуки и неформално образование. Посебна мерка е насочена кон млади земјоделци до 40 години при што се предвидува поддршка за нови 5.000 млади земјоделци. | Мерки:<br>• Владата ќе поддржи формирање на дигитални иновациски хабови, младински иновативни центри со образовни и технички ресурси и простор за работа.<br>• Кофинансирање на обуки преку систем на ваучер, на познати онлајн платформи за едукација за талентирани студенти;<br>• Јавните институции ќе бидат отворени за волонтирање и практична работа;<br>• Зголемена почетна финансиска поддршка за млади кои ќе започнат да се занимаваат со земјоделство. |

| Ветување | Мерки |
|---|---|
| Младински стандард, се предвидува мобилна апликација преку која сите млади ќе имаат можност да користат попусти за влез во театри, музеи, институции од областа на културата, јавен превоз (автобуски и железнички), спортски натпреварувања и други настани, како и посебна мерка бесплатен интернет за млади во сите студентски и ученички домови, библиотеки, читалници, младински центри и факултети, плоштади и други урбани точки. | Мерки:<br>• Во сите студентски и ученички домови, библиотеки, читалници, младински центри и факултети ќе се обезебеди пристап до бесплатен интернет |
| Образование и европски студентски стандард, се ветува реновирање на сите ученички и студентски домови, достоинствен оброк за сите студенти, 50 милиони ЕУР за ученички и студентски стипендии, е–библиотеки на факултетите, читални, кариерни центи за младите. | Мерки:<br>• Владата ќе работи на сеопфатно реновирање на сите студентски и ученички домови во државата, со што ќе се овозможи подобрување на севкупните услови за престој, како и подигнување на студентскиот стандард.<br>• Ќе се зголемат средствата кои се определуваат за стипендии за студенти и средношколци, а преку дигитализација на процесот на аплицирање ќе се оневозможи корупцијата.<br>• За дефицитарните и високоплатените професии ќе се обезбедат целосни стипендии за студирање, партиципацијата за студирање ќе се намали за сите студенти до 25 години, кои се родители.<br>• Ќе се предвидат стипендии за учениците што ќе постигнат резултати на светска олимпијада, меѓународен, државен натпревар во знаење по различни предмети. |
| Младинско организирање и претставување, во рамки на постоечката реорганизација на министерствата се ветува Министерство за социјална политика, демографија и млади и отворање на младински центри во повеќе градови. | Мерки:<br>• Реализирана е мерката Министерство за социјална политика, демографија и млади.<br>• Нема други мерки. |

## *Меѓуресорски политики за млади*

Од меѓусекторските политики за млади во Платформа #1198 на ВМРО– ДПМНЕ кои беа поместени во Поглавјето I. Борба за квалитетен животен стандард (во Програмата за работа на Владата се именува како Квалитетен животен стандард – нов циклус на економски раст) скоро сите мерки се задржани, иако некои од нив во изменета форма. Така на пример, отсуствуваат квантитативни показатели кај некои од мерките во делот на Продуктивни и високоплатени работни места, т.е. показатели за бројот на обуки кои ќе се финансираат. Исто така, во изборната програмата поголем дел од мерките за млади во рамки на различните сектори беа издвоени и означени преку поднаслови, додека сега во рамки на Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 изоставени се поднасловите со што се отежнува идентификацијата на овие мерки со групата млади.

Некои мерки се квалитативно изменети, како на пример мерката за основање на технолошки парк во делот Поддршка на иновациите во ИКТ секторот, која сега гласи изработка на студија и развоен проект за мултифункционален технолошко иновациски парк.

Компаративна Табела 4– Компарација на Платформа #1198, мултисекторски политики за млади со Програма за работа на Владата 2024 – 2028, Поглавје I. Квалитетен животен стандард – нов циклус на економски раст

| **Платформа # 1198 (изборни ветувања)** | **Програма за работа на Владата 2024 – 2028 ( изводоци)** |
| --- | --- |
| Во поглавјето I Борба за квалитетен животен стандард, во делот 2 Конкурентен приватен сектор, се предвидува поддршка на екоситемот на стартап иницијативи и со тоа поддршка на претприемничкиот дух кај младите. Во планираната поддршка влегуваат нови законски решенија за поттикнување на претприемнички иницијативи, законски решенија за бизнис-ангели, како и поддршка преку обезбедување на бесплатни простории. | Поддршка за конкурентен приватен сектор<br><br>Заложба:<br>Претприемачкиот дух на младите и на лицата со искуство кои имаат нови идеи за почнување на бизнис мора да се поддржи, затоа што истиот креира потенцијал за раст на економијата.<br><br>Мерки:<br>• Измени на законската регулатива во насока на поттикнување и поддршка на претприемачките иницијативи;<br>• Ќе се пристапи кон промоција, ревидирање и носење законска регулатива за формален ризичен капитал (venture capital) и збирно финансирање (crowdfunding), со цел да се зголеми конкуренцијата и пристапот до финансирање на стартап компаниите;<br>• Државните простории што не се во употреба ќе се пренаменат во деловни простории кои за минимален надомест ќе можат да ги користат стартап фирмите. |

Во делот 4 Продуктивни и високо платени работни места се ветува силна финансиска поддршка од 150 милиони ЕУР за пазарот на труд.

Продуктивни и високоплатени работни места

Мерки:

- Преку програми на Агенцијата за вработување насочени кон мерки за вработување на млади, создавање на вештини и квалификации, преквалификации и доквалификации на ранливите категории, обуки за вештини потребни за пазарот на труд, поддршка на претприемливоста, како и кофинансирање на обуки за користење на нови технологии ќе обезбедиме буџет од 150 милиони евра.

Во делот 5 Национален план за демографија се ветува нов пристап кон младите за да им се понуди достапно образование, стабилни работни места и плати кои ќе можат да им ги покријат трошоците за живот и одгледување на деца. Во истиот дел се предвидени и економски мерки за семејствата т.е мерка Дом за млади преку подобрување на мерката Купи куќа за млади.

Национален план за демографија

Заложба:

Ќе усвоиме нов пристап кон младите луѓе, кој ќе им овозможи достапно образование, поволен животен стандард и човечко достоинство со цел намалување на бројот на оние што се присилени да ја напуштат Македонија. Еден од најважните услови за подобрување на демографската слика на Македонија е стабилноста и сигурноста на работните места и отворени можности за стопанисување, посебно за младите луѓе, со примања што можат да ги задоволат трошоците на просечната потрошувачка кошничка и трошоците за одгледување деца.

Мерки:

Владата повторно ќе ја воспостави и ќе ја подобри мерката „Купи куќа за млади“, преку:

- исплаќање субвенции на месечна рата за изградба на куќа или исплаќање на субвенции за почетно учество при добивање на кредит за иградба на куќа;

- за младите парови кои ќе се преселат на село, ќе се изработи програма со која ќе овозможиме еднократна финансиска поддршка за купување, градење или проширување на куќа;

- Предвидуваме продажба на државно неизградено земјиште по повластена цена по квадратен метар, како и неколку бесплатни типови на проекти за изградба на куќа со што дополнително би се намалиле трошоците на семејството и ќе поддржиме енергетско ефикасно реновирање на домовите на младите.

| | |
|---|---|
| Во делот 7 Земјоделство и храна за Македонија, во Развој на руралните средини се планираат неповратни средства за млади земјоделци – за проекти со понуден бизнис-план за започнување на земјоделски бизнис и финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис. | **Развиено земјоделство**<br><br>Мaса:<br>• неповратни средства за млади земјоделци.<br>• финансиска поддршка за млади брачни парови кои ќе се вратат во руралните краишта и ќе започнат бизнис. |

Од меѓуресорските политики за млади во Платформа #1198 на ВМРО- ДПМНЕ кои беа поместени во Поглавјето IV. Функционален систем за граѓаните (во програмата за работа на Владата се именува како Функционален институционален систем) скоро сите мерки се задржани, иако некои од нив во изменета форма. Така на пример, во темаскиот дел здравство отсуствуваат специфики околу поддршката на младите специјализанти.

Мерките во тематскиот дел Образование за иднината предвидени со Платформа #1198 се генерално задржани, иако кај некои мерки отсуствуваат специфични квантитативни показатели, како на пример износ на инвестиции во реновирање на ученички и студентски домови.

Компаративна Табела 5- Компарација на Платформа #1198, мултисекторски политики за млади со Програма за работа на Владата 2024 – 2028, Поглавје IV. Функционален институционален систем

| Платформа # 1198 (изборни ветувања) | Програма за работа на Владата 2024 – 2028 ( извадоци) |
|---|---|
| Во делот 1 Ке има квалитетен здравствен систем се ветува значајна поддршка на младите лекари преку развој на Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари која ќе овозможи нивна достоинствена работа во здравствениот систем. Младите специјализанти – иднина на македонското здравство се планира да бидат поддржани преку двојно зголемување на бројот на специјализации од дефицитарни области и стратешко планирање на специјализациите. Во рамки на стратегијата за млади лекари се планира да се вклучи изработка на кариерен план, утврдување на достоинствен финансиски надомест на специјализантите и платени дежурства. | Квалитетен здравствен систем<br><br>Мерки:<br>• Владата ќе изготви и ќе му предложи на Собранието Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари која ќе предвиди методологија, правци и начини за поддршка на младите лекари и ќе овозможи нивна достоинствена работа во здравствениот систем.<br>• Во рамките на економските можности на државата, ќе се изработи план за постепено и правично вработување на сите вработени во здравствените установи кои со години работат без решен работен однос, медицински кадар во дефицитарните професии и зголемување на бројот на специјализации за младите специјализанти од дефицитарните области. |

Во делот 2 Образование за иднината, во областа основно и средно образование, како основа на успехот се планирани мерки како што се ревизија на наставните планови и програми, настава во една смена и продолжен престој за секој ученик, учебник за секој ученик, како и целосна ревизија на концепцијата за основно образование. Понатаму, се предвидува зајакнување на професионалната ориентација на учениците, мерка учениците во компаниите преку практична работа, реални компании во училиштата, центри за талентирани ученици, како и основање на регионални центри за стручно образование и обука. Исто така, се ветува и зајакнување на социо-емоционалната поддршка на родителите и учениците и зајакнување на безбедноста на учениците преку посебна Програма за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина.

Образование за иднината

Мерки

- Ќе се работи на сеопфатна ревизија на Концепцијата за основното образование.
- Владата континуирано ќе создава инфраструктурни услови за едносменска настава во училиштата и продолжен престој (целодневна настава), како и обезбедување учебник за секој ученик по секој предмет во основното и средното образование, започнувајќи од учебната 2025/2026 година. За учебната 2024/2025 година, Владата се обврзува навремено да ги достави подготвените учебници до учениците .
- Професионалната ориентација и кариерното советување во основното образование ќе им обезбеди на учениците и родителите релевантни информации за различни кариерни можности и трендови на пазарот на трудот. Со цел поттикнување на претприемачкиот дух кај учениците и олеснување на транзицијата од училиште кон вработување/самовработување или понатамошно образование, ќе го помагаме отворањето на реални компании[1] во средните училишта. Во средните училишта значајно место ќе имаат модерни кариерни центри кои на вистински начин професионално ќе ги насочуваат учениците.
- Владата во периодот 2025–2028 ќе овозможи пилот примена на концептот СТЕМ во образовниот систем, според барањата на родителите и учениците, во одреден број основни и средни училишта, како и факултети. Предвидуваме и формирање на посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици.
- Програми за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина. Програмите за спречување на насилството ќе промовираат развој на емоционалната интелигенција, емпатија, поддршка на менталното здравје на учениците, ефективна комуниција и начини на спречување непријатности, недоразбирање и врсничко насилство.

| | |
|---|---|
| За високото образование на младите се ветува развивање практична работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање, зајакнување на програми за двојна диплома на високообразовните институции, кои се особено значајни за зголемување на знаењата и вештините и воведување меѓународни програми со светски универзитети, поттикнувачки мерки за запишување на студенти на факултетите за природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките науки со ослободување од партиципација и зголемена месечна стипендија. | • Развивање практична работа на студентите во компании и институции во текот на нивното студирање;<br>• Зајакнување на програми за двојна диплома на високообразовните институции;<br>• Поттикнувачки мерки за запишување на студенти на факултетите за природно математичките, техничко технолошките, биотехничките науки со ослободување од партиципација и зголемена месечна стипендија |
| За инклузивното образование се предвидува понатамошно унапредување преку подобрена и зголемена поддршка на учениците со попречености, образовна асистенција, асистивна технологија, обучен наставен кадар и инклузивна училишна средина. | • Ќе го унапредиме инклузивното образование преку подобрена и зголемена поддршка на учениците со попречености, образовна асистенција, асистивна технологија, обучен наставен кадар и инклузивна училишна средина. |
| Во однос на образовната инфраструктура се ветува инвестиција од 25 милиони евра што ќе бидат наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови, со цел обезбедување на достоинствени услови за живот и учење на студентите. | Една од целите на Владата е сеопфатно подобрување на образовната инфраструктура.<br><br>Мерки:<br>• Ќе се инвестираат средства наменети за целосно реновирање и реконструкција на студентските домови, со цел обезбедување на достоинствени услови за живот и учење на студентите. |

Од меѓуресорските политики за млади во Платформа #1198 на ВМРО- ДПМНЕ кои беа поместени во Поглавјето V. Патриотизам што обединува (во Програмата за работа на Владата се именува како Национални приоритети) мерката интерн/мк воопшто не е вклучена.

Дел од мерките во областите Безбедност и одбрана, Културата столб на државата и Спортот национална гордост кои беа предвидени со Платфрома #1198 не се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 (види табела 6).

Компаративна Табела 6- Компарација на Платформа #1198, мултисекторски политики за млади со Програма за работа на Владата 2024 – 2028, Поглавје V. Национални приоритети

| Платформа # 1198 (изборни ветувања) | Програма за работа на Владата 2024 – 2028 ( извадоци) |
|---|---|
| Во поглавјето V. Патриотизам што обединува, во делот 1 Национални приоритети на македонската надворешна политика се предвидува мерка интерн.мк со која се отвораат вратите за пракса на студенти на политички и правни науки, дипломатија и сл. | Приоритети во надворешната политика<br>• Нема мерки |
| Во делот 2 Безбедност и одбрана се предвидуваат мерки за зајакнување на безбедноста во училиштата преку формирање на државна агенција за обезбедување која ќе го преземе обезбедувањето на училиштата, елиминација и превенција на меѓуврсничко насилство, како и мерка за вработување на најдобрите студенти во МВР и во безбедносните агенции. | Безбедност и одбрана<br>Мерката за државна агенција за обезбедување на училиштата е вклучена во Поглавјето IV. Функционален институционален систем.<br>• Нема други мерки. |
| Во делот 3 Културата столб на македонската држава се предвидува унапредување на можностите за културен развој на младите преку креирање на соодветни културни и културно-образовни програми за развој и едукација на деца и млади во насока на поттикнување на нивната креативност. Културата за деца и млади ќе опфати зголемена поддршка на музичката, филмската и телевизиската продукција за деца и млади на македонски јазик, како и системски концепт за развој на културно-образовни програми со достапност за публиката. | Културата столб на државата<br>Мерки:<br>• Креирање на соодветни културни и културно-образовни програми за развој и едукација на деца и млади во насока на поттикнување на нивната креативност;<br>• Значително ќе ја зголемиме поддршката на музичката, филмската и телевизиската продукција за деца и млади на македонски јазик. |
| Во делот 4 Македонија атрактивна туристичка дестинација се предвидува подобрување на стручното образование во туризмот преку унапредување на практичната работа во средните училишта, соработка со компании од стопанството, модернизација и подобрување на квалитетот на наставните програми. Понатаму се вели „ќе работиме на намалување на јазот помеѓу образованието и работодавачите во областа на туризмот“. Исто така, во овој дел се предвидуваат едногодишни специјалистички студии за туризам. | Развиен туризам<br>Мерки:<br>• Владата ќе работи на подобрување на стручното образование во туризмот, преку практичната работа во средните училишта, соработка со компании од стопанството, модернизација и подобрување на квалитетот на наставните програми. Со цел подигнување на интересот за специфични научни гранки, како и збогатување на кадарот кој се занимавасо туризам, ќе поттикнеме создавање специјалистичка студиска група за работа во култура за туристички цели. |

Во делот 6 Спортот национална гордост се вклучени мерки за младите кои се однесуваат на подобрување на условите за спортување и поддршката на спортистите. Мерките поместени во областа Важни ни се спортистите вклучуваат спорт за секое дете преку обезбедување соодветни услови за одржување на физичко образование во секое основно и средно училиште. Преку програми за поддршка на спортските клубови се планира да се стимулираат што повеќе деца да се вклучат активно во професионални спортски активности. За децата што се талентирани, а доаѓаат од семејства што немаат доволно финансиски средства, државата да субвенционира месечна членарина во спортските клубови. Исто така, како една од мерките е и воведување на ученички спортски лиги.

Мерки:

- Владата ќе обезбеди соодветни услови за одржување на физичко образование во секое основно и средно училиште што ќе придонесе за подобар психофизички развој кај децата.
- Дополнително, преку програми за поддршка на спортските клубови ќе се стимулираат што повеќе деца да се вклучат активно во професионални спортски активности.

***Заложби и мерки од план 2030 – клучнинаоди***
***Поглавје VI. младите, образованието и едукацијата***

Во програмата План 2030 на Коалицијата Вреди фокус на младински прашања беше ставен во посебно поглавје VI. Младите, образованието и едукацијата.
Еден дел од мерките од поглавјето VI. во План 2030 во иста или слична форма се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028, а тоа се оние мерки кои генерално се поклопуваат со предвидените мерки во Платформа #1198.

Мерките кои се однесуваат на образованието како што се засилување на гимназиското образование, унифицирање на наставните програми со Косово и Албанија, формирање на заеднички институт за негување на говорот и јазикот, не се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024-2028.

Компаративна Табела 7- Компарација на План 2030, фокус политики за млади од Поглавје VI. Младите, образованието и едукацијата со Програма за работа на Владата 2024 – 2028, програмски сегмент Младите во фокусот

| План 2030 (изборни ветувања) | Програма за работа на Владата 2024 – 2028 ( извадоци) |
|---|---|
| Во сегментот Децата и младите – игра, спорт и култура се ветува изградба на 2ОО спортски терени во албанските средини, 5 албански културни центри и поддршка за елитните спортисти. | Мерки за изградба на спортска инфраструкутра се предвидени во делот Спортот национална гордост, но нема специфични мерки за средини каде гравитира албанската етничка заедница. . |
| Се предвидува училиштата да бидат центри на заедницата опремени со физички дигитални билиотеки и беплатен интернет пристап. | Ваква мерка е предвидена во специфичните младински политики во делот Младите во фокусот.<br><br>Мерки:<br><br>• Во сите студентски и ученички домови, библиотеки, читалници, младински центри и факултети ќе се обезебеди пристап до бесплатен интернет |
| Во сегментот Национална едукација и образование се ветува унфикација на наставните програми со Албанија и Косово, формирање на заеднички институт, негување на говорот и јазикот. Се планира воведување на силно гимназиско образование за сите кои ќе положат приемен испит за во гимназија, а сите други упис во стручни училишта.<br><br>Понатаму, во делот на образованието се ветува квалитетно стручно образование зголемување на безбедноста во училиштата, зајакнување на квалитетот на универзитетите. | Мерки опфатени во делот Образвание за иднината:<br><br>• Програми за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина;<br><br>• Професионалната ориентација и кариерното советување во основното образование ќе им обезбеди на учениците и родителите релевантни информации за различни кариерни можности и трендови на пазарот на трудот. Со цел поттикнување на претприемачкиот дух кај учениците и олеснување на транзицијата од училиште кон вработување/ самовработување или понатамошно образование, ќе го помагаме отворањето на реални компании во средните училишта. Во средните училишта значајно место ќе имаат модерни кариерни центри кои на вистински начин професионално ќе ги насочуваат учениците. |

## Меѓуресорски политики за млади

Меѓуресорските политики во План 2030 на Коалицијата Вреди беа:

- Младинска слободна економска зона наменета за младинските бизниси во која ке има поволности за стартап и за технолошкиот сектор.

- Преполовување на данокот на добивка и примена на кредитниот систем за оние кои се вратиле од дијаспората и кои ќе отворат бизниси кои вработуваат млади и жени.

- Нула камата за млади брачни парови за купување на станови.

Младинската слободна економска зона и преполовување на данокот на добивка на бизнисте кои вработуваат млади и жени не се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028.

Во однос на мерката за ослободување од камата на млади брачни парови кои купиле стан има слична и посеопфатна мерка за млади наречена Купи куќа за млади.

## Заложби и мерки од проглас за достоинствена македонија – клучни наоди

Во Проглас за достоинствена Македонија беа вклучени следниве мерки специфични за млади:

- Долгорочни кредити за новоформирани компании од страна на млади, чии камати ќе ги субвенционира државата.

- За најдобрите студенти предвидуваме стипендии во износ од 500 евра месечно.

- Обезбедено вработување на најдобрите 200 студенти во научните и во институциите на системот.

Може да се каже дека овие мерки се генерално вклучени и во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 во деловите Младите во фокусот, Образование за иднината и Продуктивни вископлатени работни места. Мерките се во видоизменета форма, но генерално ја задоволуваат целта заради кои се предложени и во Проглас за достоинствена Македонија, односно поддршка на старт ап иницијативи, поддршка на студентите и поддршка на вработувањето на најдобрите студенти. Во рамки на мерките во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 во кои се опфатени и овие специфични мерки од Проглас за достоинствена Македонија нема конкретни квантитативни показатели.

# 08 Заклучни согледувања од компаративната анализа

## Генерални заклучоци

Форматот во кој е изработена Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 се заснова на набројување на заложби, активности и мерки, недоволно прецизирани и јасни цели и делумно присуство на квантитативни и уште помалку квалитативни показатели. Исто така во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 не се издвојуваат поднаслови и теми како шпо тоа беше случај во изборните програми, што дополнително го усложнува следењето на опфатот на некои од мерките, како и утврдувањето на кои групи се однесуваат ваквите мерки. Во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 отсуствува временска рамка за реализација на посебните мерки што дополнително го отежнува следењето на реализацијата на мерките од интерес на оваа анализа.

Ваквиот формат оневозможува јавноста да знае кои се конкретните цели кои треба да се исполнат во четиригодишниот мандат на Владата, и какви резултати се очекуваат, односно каков ефект треба да дадат предвидените мерки.

Во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 отсуствуваат дел од квантитативните показатели кои биле ветени во изборната програма на ВМРО– ДПМНЕ ,Платформа #1198". Со тоа дополнително се отежнува следењето на исполнувањето на изборните ветувања.

Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 воглавно е изготвена врз основа на "Платформа #1198" додека мерките за млади и родовите мерки кои биле вклучени во програмите на другите политички субјекти кои се сега дел од Владата не се третирани посебно, ниту специфично интегрирани, односно вклучени се мерки кои и онака биле планирани во Платформа #1198.

## Прашања поврзани со младите

Во однос на прашањата поврзани со младите може да се каже дека најголем дел од нив се преточени од „Платформа #1198" во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028.
Дел од мерките кои биле квантифицирани во „Платформа #1198" не ги содржат квантитативните показатели сега кога се вклучени како дел од Програмата за работа на Владата 2024 – 2028. Такви мерки се на пример бројот на новоотворени работни места за млади кој воопшто не се споменува, бројот на млади обучени лица, износ на инвестиции во студентските домови.
Мерките за млади предвидени во ,План 2030" на Коалицијата Вреди делумно се преточени во одредени мерки на Програмата за работа на Владата 2024 – 2028. Мерките за млади во рамки на Проглас за достоинствена Македонија на Движењето Знам генерално се опфатени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028.

# 09 Препораки

·Имајќи го во предвид форматот на Програмата за работа на Владата 2024 – 2028, можно е дел од мерките кои сега не се доволно јасни или прецизирани, како и дел од заложбите, да бидат понатаму обработувани во рамки на посебните сектори и Министерства. Затоа, се препорачува да се планира и спроведе дополнителен национален мониторинг на застапеност на ветените мерки за млади во националните стратегии, плановите, стратегиите на министерствата и слични работни документи со цел да се утврди дали ќе има дополнително операционализирирање на заложбите, како и на оние мерки кои не се доволно прецизирани или за кои отсуствуваат јасни показатели.

· Се препорачува идното планирање на Владата и на Министерствата за 2025 година и понатаму да опфати специфични цели, временски рокови, јасни очекувани резултати и квантитативни показатели кои ќе овозможат следење на исполнувањето на дадените ветувања.

·Се препорачува понатамошно ширење на резултатите од оваа анализа со цел да стигнат до јавноста т.е директно до граѓаните и на таков начин граѓаните да се информираат какво е местото на нивните приоритети во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 и да се заложат за нивна имплементација.

·Се препорачува граѓанските организации кои делуваат на локално ниво да спроведуваат тековно мониторинг на годишните програми за работа на локалните самоуправи за да се утврди дали некои од мерките за прашањата за младите ќе бидат транспонирани на локално ниво, во која форма и да се утврди понатамошен план за следење на нивната реализација. Ова особено се препорачува за следење на програмите на локалните самоуправи преку кои ќе се имплеменитра ветената поддршка од 250 милиони ЕУР за локалните самоуправи.

·Граѓанските организации да ги застапуваат своите барања до Владата надлежните министерства и агенции со цел оној дел од програмите во кои се вклучени заложби да се операционализира во конкретни мерки и истите да се имплементираат понатаму.